Бр./Nr 12-1644/1
29 -05- 2025 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (понатаму: ДКСК), на 18-та седница одржана на 21.05.2024 година, ја донесе следната

## О Д Л У К А

Пријавата заведена под бр. 12-2754/1 од 24.10.2024 година, против Министерството за ____ и Комисијата за ____, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување по предметот, бидејќи за предметниот случај во тек е постапка пред друг надлежен орган. Пријавата и прилозите доставени кон истата да се достават на понатамошно постапување до Министерството за ____ на Република Северна Македонија.

Предметот со бр. 12-2754/1 од 24.10.2024 година да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител, на ден 24.10.2024 година, поднесена е пријава против Министерството за ____ (понатаму: Министерство) и Комисијата ____ (понатаму: Комисијата) и оформен е предмет бр. 12-2754/1 од 24.10.2024 година. Наводите во пријавата се однесуваат на вонреден инспекциски надзор од страна на Министерството, придружувано од МВР, при што бил извршен увид на лице место од страна на Комисијата, при што биле констатирани одредени забелешки, а по кои забелешки подносителот на пријавата постапил на начин што ги отстранил недостатоците и ја доставил бараната документација до Комисијата. Имено, подносителот на пријавата пред неколку месеци добил одобрение за

одгледување на канабис за медицински цели од Министерството, дури и од истите членови на Комисијата, кои по оцена на исполнетоста на техничките услови и кадарот, му одобриле одгледување на канабис, а по согласноста издадена од Владата на РСМ. За подносителот на пријавата било спорно како неколку месеци по добивањето на одобрението, поради одредени минимални забелешки кои биле корегирани од негова страна, а не претставувале суштински отстапувања од условите предвидени за вршење на дејноста, Комисијата предлагала да вака издаденото одобрение биде одземено, кој предлог бил доставен до Владата, без подносителот воопшто да биде предупреден. Поради наведеното, подносителот на пријавата барал Владата да не издаде согласност за одземање на одобрението за одгледување на канабис за медицински цели на подносителот, туку да му наложела на Министерството ____ да изврши повторна контрола за исполнетоста на условите предвидени во законот.

*Според член 29-б став 5 и став 6 од Законот за контрола на опојни droги и психотропни супстанции („Службен весник на Република Македонија“ бр. 103/2008, 124/2010, 164/2013, 149/2015, 37/2016, 53/2016 и 193/2017) (понатаму: Закон), исполнувањето на условите во однос на просторот, опремата и кадарот за добивање на одобрение за одгледување на канабис го оценува комисија формирана од министерот за здравство, составена од двајца претставници од Министерството за здравство, еден претставник од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, еден претставник од Агенцијата за лекови и медицински средства и еден специјалист од областа на лековити растенија; одобрението за одгледување на канабис го издава Министерството за здравство во рок од 30 дена од денот на добивањето согласност од Владата на Република Македонија.*

ДКСК констатира дека согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај бидејќи за истиот во тек е постапка пред друг надлежен орган.

Ова од причина што за предметниот случај, како што навел самиот подносител на пријавата, во тек е постапка пред друг надлежен орган – Министерството за ____, односно Владата на РСМ, за која во моментот на поднесувањето на

пријавата немало конечен исход. Пријавата и прилозите доставени кон истата да ќе се доставaт на понатамошно постапување до Министерството за ____ на Република Северна Македонија.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Заменик претседател**

**м-р. Билјана Каракашова Шулев**

Изработил: М-р В.З, Виш соработник
Контролирал: М-р К.З, Раководител на одделение
Согласен: М-р И.П, Раководител на сектор
Одобрил: М-р С.Д, Член на ДКСК

Доставено до:
- подносителот на пријавата